УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# YEARBOOK

ГОДИНА 9

VOLUME IX

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF LAW

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

ISSN 1857-8713

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2019

# YEARBOOK
# 2019

ГОДИНА 9

VOLUME IX

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**
**YEARBOOK**
**FACULTY OF LAW**

**За издавачот:**
Проф. Д-р Олга Кошевалиска
**For the publisher:**
prof. Olga Koshevaliska, Ph.D

| Издавачки совет | Editorial Board |
|---|---|
| Проф. Д-р Блажо Боев | prof. Blažo Boev, Ph.D |
| Проф. Д-р Лилјана Гудева – Колева | prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D |
| Проф. Д-р Јован Ананиев | prof. Jovan Ananiev, |
| Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ph.D Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D |
| **Меѓународен програмски комитет** | **International Editorial Board** |
| Проф. Д-р Јован Ананиев | Prof. Jovan Ananiev, Ph. D |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија | University Goce Delcev – Stip, Macedonia |
| проф. д-р Јадранка Денкова | Prof. Jadranka Denkova, Ph. D |
| Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија | University Goce Delcev – Stip, Macedonia |
| Проф. Д-р Жан Пол Ленер | Prof. Jean Paul Lehners, Ph. D |
| Универзитет на Луксембруг, Луксембург | University of Luxembourg, Luxembourg |
| Проф. Д-р Аленка Верболе | Prof. Alenka Verbole, Ph. D |
| Универзитет на Љубљана, Словенија | University of Ljubljana, Slovenia |
| Проф. Татјана Петровна Суспицина | Prof. Tatjana Petrovna Suspicina, Ph.D |
| Московска Правна Академија, Русија | Moscow State Law Academy, Russia |
| Проф. Габриела Белова | Prof. Gabriela Belova, Ph.D |
| Југозападен Универзитет | South West University |
| „Неофит Рилски” - Бугарија | “Neofit Rilski”, Bulgaria |
| **Редакциски одбор** | **Editorial Staff** |
| Проф. д-р Јован Ананиев | prof. Jovan Ananiev, Ph.D |
| доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D |
| Доц. д-р Борка Тушевска | Ass. Prof. Borka Tushevska |
| **Главен уредник** | **Managing editor** |
| Проф. д-р Олга Кошевалиска | prof. Olga Koshevaliska, Ph.D |
| **Одговорен уредник** | **Editor in chief** |
| Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска | Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska |
| **Јазично уредување** | **Language editor** |
| Даница Гавриловска-Атанасовска | Danica Gavrilovska-Atanasovska |
| (македонски јазик) | (Macedonian language) |
| **Техничко уредување** | **Technical editor** |
| Славе Димитров | Slave Dimitrov |

| Редакција и администрација | Address of the Editorial office |
|---|---|
| Универзитет „Гоце Делчев“-Штип | University Goce Delcev – Stip |
| Правен факултет | Faculty of Law |
| ул. „Крсте Мисирков“ бб | ul.”Krste Misirkov” BB PO.BOX 201 |
| п. фах 201, 2000 Штип | PO. Box 201, 2000 Stip |
| Р. Македонија | R. of Macedonia |

## СОДРЖИНА:

**ЃОРЃИЕВА Дијана и СТОИЛЕВА Зорица**
ДОКТРИНАТА ЗА ПРАВОСИЛНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ ВО АНГЛО-АМЕРИКАНСКИОТ ПРАВЕН СИСТЕМ КАКО ПОСЕБЕН КОНЦЕПТ НА ПРЕКЛУЗИЈА ........ 5

**ЈОСИФОВИЌ Ивица**
РЕГУЛАТИВАТА 2017/1939 ЗА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ЕВРОПСКИОТ ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ: МЕЃУ ЗАСИЛЕНА СОРАБОТКА И ЕДНОГЛАСНОСТ ........ 11

**МАЈХОШЕВ Андон и БЕЛОВСКИ Војо**
ИЗВОРИ НА НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО ........ 23

**МАКСИМОВА Елена и МАРОЛОВ Дејан**
ЕТИОЛОГИЈА НА ЖЕНСКОТО ПРЕСТАПНИШТВО ........ 33

**ПОП-АРСОВ Петар**
ЖЕНИТЕ ВО ПОЛИТИКАТА ........ 47

**САВЕСКИ Дејан**
ПРАВНИ АКТИ, МАТЕРИЈАЛНИ ДЕЈСТВИЈА И ПРОПУШТАЊЕ КАКО ПРЕДМЕТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА И ВО СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО ........ 61

**ТОДОРОВА Билјана, СТОЈАНОВСКИ Страшко и ДЕНКОВА Јадранка**
СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И СТАВОВИ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ........ 77

**МАЈХОШЕВ Андон**
**БЕЛОВСКИ Војо**

**УДК: 316.774:34**
**342.727:341.24**
**316.774:340.13(497.7)**

# ИЗВОРИ НА НА МЕДИУМСКОТО ПРАВО

**Апстракт:** Медиумското право како релативно млада правна дисциплина својот развој го базира на брзиот развој на медиумите, особено електронските медиуми. Со развојот на медиумите се наметна потребата од нивна регулација. Медиумското право како правна дисциплина има свој предмет, содржина и правни извори. Предметот на проучување на Медиумското право е широк, но, во фокусот на проучување ја има слободата на изразување и регулацијата на медиумите. Во рамките на трудот ќе ги анализираме и најважните правни акти и извори на Медиумското право: меѓународните (актите на ООН, Советот на Европа) и националните (хетерономни) извори (устав, закони, подзаконски акти) и автономни извори (Етички кодекси, Статут, Правилници) на Здруженијата на новинари и актите на Трговските Радио-дифузни друштва.

**Клучни зборови**: *медиумско право, предмет и содржина, извори на медиумското право*

**MAJHOSHEV Andon**
**BELOVSKI Vojo**

# SOURCES OF MEDIA LAW

**Abstract:** Media law, as a relatively young legal discipline, bases its development on the rapid development of the media, especially electronic media. With the development of the media, there was a need to regulate them. Media law as a legal discipline has its subject, content and legal sources. The subject of the study of Media Law is broad, but the focus of the study is on freedom of expression and media regulation. In this paper we will analyze the most important legal acts and sources of Media Law: international (UN acts, Council of Europe) and national (heteronomous) sources (constitution, laws, bylaws) and autonomous sources (Code of Ethics, Statute, Rulebooks) of the Associations of Journalists and the acts of the Trade Broadcasting Companies.

**Keywords***: media law, subject and content, sources of media law*

## 1. Поим и дефиниција на Медиумското право

Функционирањето на медиумите не се остварува во политички и правен вакуум. Медиумите својата активност мора да ја обавуваат во добро регулирана правна рамка, која можеме да ја наречеме *«погодно законско опкружување»*. Мораме да нагласиме дека за развој на поволно законско (правно) опкружување во државата потребно е да се обезбедат два основни предуслови:

1) препознавање на слободата на изразување и слободата на медиумите и
2) почитување на вредностите на «владеење на правото».

Законски поволно опкружување предвидува активности на државните органи (власта) кои претставуваат неприфатливо мешање кое е засновано на основните права. На пример Законот со кои се регулира клеветата претставува обврска да се штити угледот на поединецот што е важна општествена вредност вродена во достоинството на секоја личност. Сепак, истовремено, наметнување на законски санкции за изјави кои се окарактеризирани како клевети, претставуваат и оптоварување на слободата на изразување. Законски погодното опкружување ќе има чуство за рамнотежа помеѓу двата наведени интереси (угледот и слободата на изразување). Ефикасното спроведување на таквата равнотежа не е можно без почитување на владеење на правото.

Медиумското право во Република Северна Македонија го истражува правното опкружување –правната рамка, институциите, законите и праксата во која делуваат медиумите. Медиумското

право е релативно млада правна дисциплина која се појавува и развива паралелно со брзиот развој на медиумите, особено електронските медиуми. Во теоријата и практиката нема една општо прифатена дефиниција, иако има обиди да се дефинира. Ниту нашето законодавство не ја дава дефиницијата за медиумското право. Некои медиумското право го дефинираат како *«право кое посредува помеѓу оној чија информација се испраќа и оној кој информацијата ја прима» (Воденилиќ).* Други извори наведуваат дека тоа е однос помеѓу граѓаните и медиумите, односно, сите правни односи настанати во врска со дејноста на медиумите. Не впуштајќи се во понатамошна анализа и разработување на дефиницијата медиумско право, односно, сметаме дека е важно да се наведе кои се области на правото и сегменти на животот опфаќа, а што најдобро може да воочи со наведување на основните извори на медиумското право.

За да го дефинираме Медиумското право ќе појдеме од општата дефиниција на правото кое гласи дека *«Правото претставува збир на правни норми со кои се регулираат општествените односи кои се санкционирани од страна на државата со принуда».* Поаѓајќи од општата дефиниција за правото, Медиумското право можеме да го дефинираме како *«Збир на правни норми и начела со кои се регулира функционирањето на медиумите и медиумскиот простор, односно работата на медиумите, и зад кои стои државната принуда»*. Ова подразбира, доколку не се почитува медиумската регулатива субјектот кои го прекршил законот ќе биде санкциониран согласно законот.

Значи, медиумското право како збир на правни норми и пракса претставуваат амбиент во кој делуваат и се развиваат печатот, радиото и телевизијата и новите on-line.

## 2. Предмет и содржина на Медиумското право

Медиумското право е една од најмладите правни дисциплини и е тесно поврзана со развојот на медиумите, пред се електронските медиуми и новинарската професија. Неговиот развој и подем се манифестираат како на субјектите на кои се однесуваат неговите принципи и норми, така и на односите што ги уредува, особено на неговиот предмет. Секоја научна дисциплина има свој предмет на проучување. Кога се зборува за предметот и содржината на медиумското право, всушност се мисли на тоа што изучува и уредува оваа правна дисциплина.Што се однесува до предметот на медиумското право, помеѓу теоретичарите од оваа област, неспорно е дека *«тоа е самостојна правна дисциплина која има свој посебен предмет на проучување, а тоа се односите што се воспоставуваат во медиумската сфера».* Неизоставен дел на предметот на медиумското право, освен регулативата (меѓународна и национална), секако се принципите, начелата и стандардите на коишто почива функционирањето на медиумите и медиумската сфера. Значи, медиумското право претежно се бави со проучување на регулирањето на односите во сферата на медиумите. Во правната теорија постои мислење дека тоа како посебна правна дисциплина има свој посебен предмет на регулирање и проучување, а тоа се односите во медиумската сфера, односно односите што се воспоставуваат во областа на медиумите.

Медиумското право во основа ги опфаќа следните прашања кои ја сочинуваат неговата содржина, што всушност претставува и предмет на проучување на медиумското право:

Прво, поимот и дефиницијата на медиумското право;

Второ, изворите на медиумското право (меѓународни и национални, односно хетерономни и автономни);

Трето, слободата на изразување и слободата на медиумите како основен предуслов за развој на демократијата и демократските односиво општеството.

Четврто, европскиот модел на регулирање на медиумите;

Петто, регулирањето на програмските содржини;

Шесто, регулирањето на рекламирањето во електронските медиуми;

Седмо, регулирањето на радиодифузијата;

Осмо, медиумскиот плурализам и медиумската концентрација;

Девето, јавниот радиодифузен сервис (македонската радио телевизија);

Десето, видови на радиодифузери (комерцијални и непрофитни)

Единаесесто, саморегулација и корегулација;

Дванаесето, правата и одговорноста на новинарот и медиумите;

Тринаесето, заштита на изворите на информирање;

Четиринаесето, пристапот до информации од јавен карактер;
Петнаесето, правото на приватност и заштита на личните податоци;
Шеснаесето, регулатива за клевета;
Седумнаесето, заштита на новинарските извори, известување од судски постапки и право на одговор и исправки и
Осумнаесето, регулатива за медиумско покривање на изборните кампањи.

**3. Извори на Медиумското право**

Како што е познато секоја правна дисциплина има свои извори, па така и Медиумското право. Под поимот извор на медиумското право се подразбира: *севкупноста на правните правила кои го уредуваат предметот на оваа правна дисциплина и кои се санкционирани со организирана принуда на државата (правни норми и правила).* Всушност, тие претставуваат начини на остварување на правилата што се применуваат во уредувањето на односите во медиумската сфера.

Проблематиката на изворите на медиумското право е тесно поврзана со предметот и содржината на медиумското право, бидејќи за објаснување на таа содржина и за определување на основната ориентација во натамошниот развој на медиумското право неопходно е да се сознае со кои прописи се уредуваат функционирањето на медиумите и каков е нивниот карактер и значење. Поради тоа, за поуспешно согледување на проблематиката на медиумското право неопходно е сознавање на основните поими на изворите на медиумското право, кои се тие извори, нивните видови, значење и нивниот меѓусебен однос. Изворите ма медиумското право се бројни

Постојат повеќе видови на класификација на изворите на медиумското право, но за нас најприфатлива е поделбата на *меѓународни* и *домашни (национални)* извори на медиумското право.

*Меѓународните извори* на медиумското право се актите на меѓународните организации како на пример: Организацијата на обединетите нации (ООН), Советот на Европа и др. регионални организации.

*Домашните (националните) извори* на медиумското право, зависно од тоа кои органи ги донесуваат актите кои се извори на правото, можеме да ги поделиме на *хетерономни и автономни извори (саморегулација).* Хетерономните извори ги опфаќаат актите што ги донесуваат државните органи и институции (власта), додека автономните ги донесуваат органите на работодавците, а тоа се општите акти на работодавците (статут, правилници). Изворите на медиумското право од национално потекло може да се поделат на: нормативни акти на државата, кој ги опфаќа Уставот, законите , подзаконските акти и другите прописи, како и општите акти на правните субјекти (статут, правилници и др.).

**3.1 Меѓународни извори на Медиумското право**

Меѓународни извори на медиумското право се актите на меѓународните организации како што се ООН, Советот на Европа, и др. Најважни меѓународно правни акти на ООН кои се извор на медиумското право се: *Универзалната декларација за правата на човекот (1948); Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966); Разолуцијата 59(1) за Слободата на информирање.......*

Најважни извори на медиумското право на Советот на Европа се: *Европската конвенција за човекови права (1950); Европска повелба за регионалните или малцинските јазици (1992); Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995);*

**3.1.2 Акти на ООН**

**1. Универзалната декларација за правата на човекот (1948)**

Во одредбите на Универзалната декларација е утврдено дека *"секој има право на слобода на мислата, совеста и вероисповеста..... "*[1]

Исто така, во Декларацијата стои"*секој има право на слобода на мислење и изразување, што го опфаќа и правото да не биде вознемируван за своето мислење, како и правото да бара, прима и шири информации и идеи преку различни видови медиуми (радио, телевизија, печат) и без оглед*

[1] Види чл. 18 од Универзалната декларација за правата на човекот (1948), ООН:

*на границите.“*[2]

Горенаведените слободи и права се имплементирани во Уставите и законите речиси во сите држави членки на ООН, меѓу кои и Република Македонија.

**2. Резолуција 59 (1)** од 1946 *Слобода на информирањето е основно човеково право и основа за сите слободи за кои се бори Организацијата на Обединети нации" (ООН) (1946).*

**3. Меѓународниот пакт за граѓански и политички парава (1966)**

Според чл.18 од Пактот *«Секој има право на слобода на мислење, совест и вероисповест»*, при што *«слободата на манифестирање на своето убедување може да биде подложно на ограничување кои се предвиден и со закон, заради заштита на јавната безбедност, поредокот, здравјето или моралот, или основните слободи и права на другите лица.»*[3]

Исто така, во Пактот стои дека *«Секој има право на слобода на изразување; Ова право подразбираслобода да се бараат, примаат и шират известувања и идеи од секој вид, без оглед на границите, било усно, писмено, по пат на печат или во уметничка форма, или со кое било друго средство по свој избор»*.[4] Исто така, и слободата на изразување може да биде подложно на одредени ограничувања кои мора да бидат изрично утврдени со закон и кои се нужни за:

1. почитување на правата и угледот на другите лица и
2. за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје и морал

**3.1.3 Акти на Советот на Европа**

**1. Европската конвенција за човекови права (1950)**

Европската конвенција за човекови права е потпишана на 4 ноември 1950 година во Рим, а стапи во сила 1953 година. Во последните шеесетина години таа континуирано се развиваше преку интерпретација и толкување на нејзините одредби од страна на Европскиот суд за човекови права и Европската комисија за човекови права. Во развојот на Конвенцијата свој придонес секако има и Советот на Европа кој има усвоено неколку дополнителни протоколи со кои е проширен опфатот на Конвенцијата, низа резолуции, декларации и препораки со кои на државите членки им се предлагаат стандарди за однесување , како и санкции за државите кои не ги почитуваат одредбите на Конвенцијата.

Европската конвенција за човекови права, речиси од сите држави потписнички, меѓу кои и Република Македонија, ја имаат имплементирано во своето национално законодавство, така да со чинот на ратификација таа станува составен дел на правниот систем и обврзувачки правен инструмент за судовите и за органите на власта. Ова подразбира дека сите субјекти кои сакаат да покренат судски спор во својата држава за остварување на човековите слободи и права можат да се повикаат на одредбите на конвенцијата и на одлуките на Европскиот суд за човекови права.

Во Конвенцијата стои дека "Секој човек има право на слобода на изразување»."[5] Содржината на ставот 1 на членот 10 упатува на тоа дека слободата на изразување опфаќа три компоненти:

- Слобода на мислење
- Слободата на примање на информации и
- Слобода на пренесување информации или идеи,

Сите три горенаведени аспекти на слободи на изразување треба да се остваруваат без мешање на јавната власт. Секој обид за ограничување на оваа слобода се смета како директна закана на демократијата и сите случаи на дискриминација на луѓето поради тоа што имаат поинакво мислење од другите се третираат како грубо кршење на Европската конвенција.

Остварувањето на овие слободи...може да бидат ограничени со закон ...ако станува збор за: зачувување на безбедноста, јавниот поредок, спречување нереди и злосторства, заштита на здравјето, зачувување на моралот, за угледот или правата на другиот, за спречување на ширење

[2] Види чл. 19 од Универзалната декларација за правата на човекот (1948), ООН;

[3] Види Чл. 18 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966), ООН;

[4] Види чл. 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966), ООН;

[5] Види чл. 10 став 1 од ЕКПЧ (1950), Совет на Европа;

на доверливи информации или зачувување на авторитетот и непристрасноста при донесувањето судски одлуки.“

Чл. 10 не го штити само изразувањето преку текст или говор, туку се однесува и на слики, идеи, филмови, радиодифузијата, цртежи (карикатури), и др.

**2. Европска повелба за регионалните или малцинските јазици (1992)**

Важен документ на Советот на Европа од аспект на правата на малцинствата е Европската повелба за регионалните или малцинските јазици од 1992 година. Неговата цел е од една страна да се зачуваат и разичната разновидност, културните традиции и наследството во Европа, а од друга страна да се обезбеди почитување на неотуѓивото и општо признато право на користење на регионалните или малцинските јазици во приватниот и јавниот живот. За да се промовира употребата на регионалните и малцинските јазици, секоја држава треба да преземе повеќе конкретни мерки во различни области, вклучувајќи ги и медиумите. Во Повелбата се нагласува дека промовирањето на регионалните и малцинските јазици преку медиумите е од витално значење за нивното зачувување. Исто така, во Повелбата се потенцира дека *“Страните се обврзуваат, на корисниците на регионалните и малцинските јазици .... да обезбедат:*

1. *Отварање на барем на една радио станица и на еден ТВ канал на регионални или малцински јазици“ ..... и да поттикнуваат или олеснат отварањето на печатен медиум и др. Примената на Повелбата ја следи комитет на експерти на Советот на Европа, кој периодично ги анализира извештаите на земјите-потписнички.*[6]

**3. Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995)**

Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, од 1995 година, посебно внимание им посветува на медиумските прашања. Нејзините одредби предвидуваат посебни мерки за остварување на две цели:

1) на малцинствата да им се овозможи пристап до медиумите и

2) да се промовира толеранција и културен плурализам во медиумите.

Во тие мерки спаѓаат, на пример: финансиска поддршка на радиодифузерите кои емитуваат програми на јазиците на малцинствата; финсисрање на програмите кои обработуваат теми поврзани со малцинствата или со дијалогот меѓу различните етнички групи и поттикнување на уредниците и радиодифузерите да им овозможат пристап на националните малцинства во нивните програми. Примената на оваа конвенција ја следи советодавен комитет составен од осумнаесет независни експерти, кој редовно објавува мислења во кои им посветува посебно внимание на правата на малцинствата во медиумската област на државите-членки на Советот на Европа..

Во одредбите од Конвенцијата стои дека *“Страните се обврзуваат да признаат дека правото на слобода на изразување на секој припадник на националното малцинство ја вклучува слободата намислење и примање и давање на информации или идеи на малцинскиот јазик.“*[7]

Во став 3 се вели дека *“Страните нема да го попречуваат ...да формираат претпријатија за радио, телевизијаи филм».*

**4. Декларации, резолуции и препораки на Советот на Европа**

Советот на Европа усвои додатни протоколи, со кои го проширија опсегот на Конвенциите, резолуциите и препораките, со кои се препорачува на државите членки да применуваат одредени стандарди на однесување, и доколку државите членки на Советот не ги почитуваат одредбите на конвенцијата се предвидени санкции.Тие, се следните:

1. Декларација за слобода на изразување и информирање (усвоена од страна на Комитетот на министри на 29. Април 1982, на 70 заседание)
2. Декларација за слобода на политички дебати (2004)
3. Резолуција на Парламентарното собрание бр.1142 (1997) за парламентите и медиумите

[6] Види чл. 11 од Европска повелба за регионалните или малцинските јазици (1992), Совет на Европа;
Ибид, чл. 11;

[7] Види чл. 9 став 1 од Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995), Совет на Европа;

4. Резолуција на Парламентарното собрание бр.1003 (1993) за новинарската етика
5. Резолуција на Парламентарното собрание бр. 1165 (1998) за право на приватност
6. Резолуција бр. 74 за право на одговор и положба на поединецот во однос на печатот
7. Препорака на Парламентарното собрание бр. 1407 (1999) за медиумите и демократската култура
8. Препорака на Комитетот на министри бр. (2003)13 за медиумска дистрибуција на информациите во врска кривичните постапки
9. Препорака на Комитетот на министри бр. П (97) 21 за медиумите и промовирање на култура на толеранција
10. Препорака на Комитетот на министри бр. П (99) 15 за мерењата во врска со известувањето за време на предизборна кампања
11. Препорака на Комитетот на министри бр. П (97)20 за говор на омраза
12. Препорака на Комитетот на министри бр. П (2000) 7 за право на новинарот да не го открива својот извор на информација.

Во сите горенаведени документи изразени се начелата и насоките на Советот на Европа кои одат во насока на демократизација на слободата на изразување. Декларацијата за слобода на политичка дебата во медиумите е изразено начелото на *"надзор на јавноста над јавните функционери"*на основа на кои јавните функционери мораат да прифатат дека ќе бидат предмет на надзор и критика на јавноста, особено преку медиумите, во поглед на начинот на кој ја објавувале својата функција, во онаа мера во кое тоа е неопходно заради обезбедување на транспарентност и одговорно извршување на нивните функции. Со истата декларација изразена е слобода на сатира, така да преку хумористични и сатиричен жанр, на начин заштитен со членот 10. Конвенцијата допушта поголем степен на претерување, дури и провокации, се додека јавноста не се измамува во врска со фактите. Значи, примената на сите меѓународни норми за човековите права во многу зависи од толкувањето на стандардите содржани во нив, т.е. поимите кои текстот не ги дефинира, туку им подразбира толкување.

**3.2 Извори на Медиумското право во Република Северна Македсонија**

Најважни извори на медиумското право во Република Македонија се: *Уставот на Република Македонија, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013 и сите новели понатаму), Закон за медиуми (2013), Закон заграѓанска одговорност за навреда и клевета (2012), Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер (2006), Законот за заштита на личните податоци, актите на асоцијациите на новинарите (Статут, Етички кодекси, Правилник), актите на Трговските радиодифузни друштва.*

**1. Уставот на РМ.** Разгледувајќи ги одредбите на Уставот како извор на медиумското право, можеме да констатираме дека тие имаат голема теоретска и практична вредност. Од теоретската вредност на уставните одредби , тие служат како своевиден насочувач, а од практична вредност, како правила кои упатуваат на поконкретно уредување во другите извори на правото и другите облици на уредување на медиумската сфера.

Уставот на Република Северна Македонија како највисок општ правен акт во државатае основен извор на медиумското право, бидејќиги гарантира најважните слободи и права на граѓаните кои се поврзани со функционирањето на медиумите, слободата на изразување, слободата на говорот, слободниот пристап до информациите, правото на основање на правни лица кои ќе се бават со информирањето, забраната на цензурата и други права.

Во Преамбулата на Уставот со точката 1 на Амандманот IVкако една од најважните цели на државата е во Република Македонија да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност. Понатаму, во членот 16 се наброени сите гарантирани слободи и права кои всушност претставуваат една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија утврдени со чл. 8 алинија 1. Исто така, во чл. 16 од Уставот се наброени сите гаранирани слободи и права без кои неможе да се замисли функционирањето на едно демократско општество, особено слободата на медиумите и слободата на изразување. Со него е утврдено дека *"Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното*

*изразување на мислата.*

*Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободно основање на институции за јавно информирање.*

*Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации.*

*Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање*

*Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.*

*Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање*

*Цензурата е забранета".*[8]

**2. Законите и другите прописи како извор на медиумското право**

Најважни закони кои се извори на Медиумското право во Република Северна Македонија се: Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за заштита на личните податоци и др. Со овие закони се регулураат односите во медиумската сфера, слободата на изразувањето, регулирањето на програмските стандарди, јавниот радиодифузен сервис, регулирањето на рекламирањето во електронските медиуми, медиумскиот плурализам и медиумската концентрација, регулирањето на комерцијалните и непрофитните радиодифузери, пристапот на информации од јавен карактер, правото на приватност и заштитата на личните податоци, регулативата за клевета, правото на одговор и исправка, регулативата за медиумско покривање на изборните кампањи и др.

**Законот за медиуми** на Република С. Македонија е значаен извор на Медиумското право и во него се регулирани повеќе важни прашања поврзани со функционирањето на медиумите. Со него *«Се гарантира слободата на изразување и слободата на медиумите».*[9] Според одредбите на наведениот закон слободата на медиумите е дефинирана сеопфатно и опфаќа: *слобода на изразување на мислења, независност на медиумите, слобода на прибирање, истажување, објавување, избор и пренесување на информации во насока на информирање на јавноста, плурализам и разновидност на медиумите, слобода на проток на информации и отвореност на медиумите за различни мислења, уверувања и за разновидни содржини, достапност до информациите од јавен карактер, почитување на човековата индивидуалност и приватност и достоинство, слобода за основање на правни лица за вршење на дејност за јавно информирање, печатење и дистрибуција на печатен медиум и другите медиуми од земјата и странство, производство и емитување на аудио/аудиовизуелни програми, како и други електронски медиуми, самостојност на уредникот, новинарот, авторите или креаторите на содржини или програмските соработници и другите лица, а во согласност со правилата на професијата.*

**Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, исто така, е многу важен национален извор на Медиумското право. Со него се уредуваат правата, обврските и одговорностите на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелните медиумски услуги, целите на законот, работата на Агенцијата за АВМУ, органите на ААВМУ и нивната надлежност, надзорот над работата на Агенцијата, заштитата на плурализмот и разновидноста на програмите, забраната ма недозволената медиумска концентрација, програмските стандарди, работата и функционирањето на јавниот радиодифузен сервис (МРТВ), финансирањето на јавниот сервис и др.[10]

**Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер** е извор на Медиумското право и со него се регулирани прашања поврзани со остварувањето на уставното право на слободен пристап на информации од јавен карактер. Со овој Закон Предмет на овој закон се условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, а основна цел на законот е да обезбеди јавност и транспарентност во работењето на имателите на информации и да им се овозможува на физичките и правните лица да го остварат

[8] Види чл. 16 од Уставот на Република С. Македонија,

[9] Види член 3 став 1 од Законот за медиуми (Сл. Весник на РМ бр. 184/13);

[10] Види чл. 2-145 од Закон за ААВМУ (Сл. Весник на РМ бр. 184/13);

правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.[11] Согласно Законот, сите јавни органи се должни да назначат службено лице за посредување со информации чија задача е да им помага на барателите на информации. Ова лице треба интерно да го проследи барањето и да се грижи навремено давање одговор. Исто така, неопходно е во рамките на секоја инситуција да се воспостави интерна процедура што ќе придонесе за навремено доставување на информации.

**Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета** (Сл. Весник на РМ бр. 143/12), како извор на Медиумскот право ги дава дефинициите на навреда и клевета, исклучување на одговорноста за клевета, надоместување на штетата за навреда и клевета, поведување на постапката за навреда и клевета и др.

**Подазконските акти**, кои се јавуваат како извор на медиумското право, спаѓаат актите на Владата и органите на државната администрација, со кои се дорразработуваат определени односи, битни за извршување на законите од областа на медиумите (уредби, упатства, одлуки, наредби и други прописи).

### 3. Автономни извори на медиумското право

Автономни извори на медиумскот право се актите што ги донесуваат Здруженијата на новинарите и органите на Трговските радиодифузните друштва како што се: Статутот, Правилник, Етички кодекси и др. акти.

Здруженијата на новинарите од страна на нивните органи и тела донесуваат акти со кои се уредува прашањето на слободата на изразување, слободата на медиумите, професионалните стандарди на новинарската професија и сл. Тие акти се: Статутот, Етичкиот кодекс на здружението, разни Правилници и др.

Исто така, и трговските радиодифузни друштва од страна на нивните органи и тела донесуваат разни видови на акти во кои се уредуваат прашањата поврзани со функционирање на радио-дифузните друштва. Тие акти се: Статутот на Трговското радиодифузно друштво, Правилници за уредување на поедини сегменти од функционирањето на друштвото, одлуките и сл.

### Заклучок

Медиумскот право е релативно млада правна дисциплина која со развојот на медиумите постепено си го пронаоѓа местото во системот на правни дисциплини како во меѓународни рамки, така и во Република Северна Македонија. Во фокусот на интерес на оваа правна дисциплина се повеќе прашања, но во центарот на вниманието се наоѓа слободата на изразување како фундаментално човеково право. Медиумското право во една држава не може да се разбере без соодветна анализа и ставање во контекст на европската легислатива и практика и развојот на институциите во меѓународни и европски рамки.

Процесот на дигитализација на медиумската сфера и донесувањето на голем број на директиви и регулативи од страна на европските институции, од Медиумското право се бара сериозна вклученост во проучувањето и анализата на овие акти со цел целокупната јавност, а пред се стручната, академската и студентската јавност да бидат во тек со најновите движења во дигитализацијата и регулацијата на медиумите.

### Литература

[1] Европска повелба за регионалните или малцинските јазици (1992)
[2] Европската конвенција за човекови права; 4 ноември 1950 година, Совет на Европа;
[3] Етички кодекс на новинарите, ЗНМ, 2001;
[4] Закон за медиуми (Сл. Весник на РМ, бр.184/13)
[5] Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на РМ, бр.184/13);
[6] Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Сл. Весник на РМ бр.143/12);
[7] Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РМ бр. 13/2006, бр. 86/08, бр. 6/2010);
[8] Законот за заштита на податоците (Сл. Весник на РМ бр.7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016);
[9] Универзалната декларација за правата на човекот (1948), ООН;

[11] Чл. 2 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер

[10] Мајхошев, А. (2018), Медиумско право (учебник), УГД, Штип;
[11] Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (1966), ООН;
[12] Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства (1995), Совет на Европа;
[13] Резолуцијата 59(1), 1946), ООН;
[14] Декларација за слобода на изразување и информирање (усвоена од страна на Комитетот на министри на 29. Април 1982, 70 заседание)
[15] Декларација за слобода на политички дебати (2004)
[16] Резолуција на Парламентарното собрание бр.1142 (1997) за парламентите и медиумите
[17] Резолуција на Парламентарното собрание бр.1003 (1993) за новинарската етика
[18] Резолуција на Парламентарното собрание бр. 1165 (1998) за право на приватност
[19] Резолуција бр. 74 за право на одговор и положба на поединецот во однос на печатот
[20] Препорака на Парламентарното собрание бр. 1407 (1999) за медиумите и демократската култура
[21] Препорака на Комитетот на министри бр. (2003)13 за медиумска дистрибуција на информациите во врска кривичните постапки
[22] Препорака на Комитетот на министри бр. П (97) 21 за медиумите и промовирање на култура на толеранција
[23] Препорака на Комитетот на министри бр. П (99) 15 за мерењата во врска со известувањето за време на предизборна кампања
[24] Препорака на Комитетот на министри бр. П (97)20 за говор на омраза
[25] Препорака на Комитетот на министри бр. П (2000) 7 за право на новинарот да не го открива својот извор на информација.